ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 16.07.2018 година во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалник **Борјанчо Мицевски**, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски**, претставник од Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина **Иван Велиновски** - Советник за урбанистичко планирање, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на Одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Советник за правни работи и застапување **Мартин Николовски**, Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски** и Директор на ЛУ Градски Музеј **Драган Величковски**.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

### Одделение за финансиски прашања

Информација во врска со плаќањето на тековните долгови на Општината и подготовката на квартален извештај за реализација на буџетот, кој воедно е доставен и до Министерството за финансии.

Информација во врска со изготвена проекција на буџето за 2019 година, а поради подготовката на проектната апликација за Плоштад и потребата од точни информации поврзани со сосотјбата на буџетот, заради утврдување на можноста од кофинансирање на имплементацијата на самите проектни активности.

Информација во врска со активностите и динамиката на истите при собирањето и обработката на податоците заради изготвување на функционалната анализа.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Информација во врска со асфалтирањето на улицата во нас.Белево, кое треба да биде завршено кон крајот на неделата и осврт на активностите поврзани со крпење на ударни дупки од страна на КООП инженеринг.

Информација во врска со активностите на ова одделение и изведувалот ДИНЕ – ТРЕЈД, поврзани со прочистување на локални патишта, со осврт на локалните патишта кон Голеш, с.Трново и с.Мартиница, по кое механизацијата да биде префрлена во с.Градец, заради прочистување на тамошните локални патни правци.

Информација во врска со прочистувањето на Арбанашки Дол кон м.в.Славев Врв, а кое што е спроведено од страна на ЈП КОМУНАЛЕЦ.

Информација во врска со тампонирање на улица во нас.Единство, со осврт на разгледување на идеја во перспектива истата да биде направена во вид на калдрма, како трајно решение.

Информација во врска со активностите и динамиката на ЈП КОМУНАЛЕЦ позврзани со изградба на потпорни стени на повеќе локации во урбаното градско подрачје, со осврт на улица „Осоговска“ и улица „Македонска“, како и на м.в.Маневски Мост и Мечковци.

Информација во врска со активностите на ЈП КОМУНАЛЕЦ поврзани со санација на канализација кај зелен пазар и кај школо.

Информација во врска со задолжениeто за бетонирање и пополнување на дупки на поставени канделабри на обиколница, со тоа што истите не се пополнети, бидејќи изведувачот не поседува спојки за заземјување за да безбедно ја заврши зададената задача.

Информација во врска со полагање на испит за градежно земјиште од страна на административни службеници, вработени во Општината и исходот од истиот.

Информација во врска со активностите околу утврдување на правен статус на бесправно изградена Спортска Сала.

Задолжение за подготовка на спецификација за проектирање (Станци, Стамболици, Крстата Падина).

Информација во врска со проектот за Плоштад и досега спроведените активности, пред комплетирањето на целокупната документација и поднесување на проектната апликација, за која крајниот рок е до 06.08.2018 година.

Информација во врска со потпишани договори преку СИПР за асфалтирање на локални патни правци во с.Трново и с.Конопница и за избрана фирма за надзор, по спроведена јавна набавка, а која да биде воведувана во работа секаде каде што се потпишани договори со изведувачи и каде што се отпочнува со определени градежни активности.

Задолжение до ова одделение, заедно со КООП Инженеринг да подготват распоред за кпење на ударни дупки и санација на патни правци кон селата.

Информација за преземени активности од страна на Комисијата за процена на штета од мал обем, причинета од поројните дождови во текот на месец Јуни.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Информација во врска со гасификацијата и можноста за отпочнување со изработка на проект за инфраструктура, кој би бил готов во системот најдоцна до средината на месец Август 2018 година.

Информација во врска со неопходната потреба од упис во Агенцијата за катастар на недвижности на претходно донесена Локална урбанистичко планска документација за Калин Камен и Царев Врв.

Информација во врска со подготовката на листа за огледало и за други приоритетни сообраќајни знаци, со напомена истите да бидат поставувани на висина од најмалку 2 (два) метри од подлогата на која ќе се монтираат.

Информација во врска со спроведена инспекција на терен во објектите кои немаат одобрение за поставување на урбана опрема, со задолжение за изрекување на писмени опомени кон истите.

Информација во врска со динамиката на проектите за градинките и проектот за зелен пазар, со осврт дека на истиот тековно се работи.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за човечки ресурси**

Информација во врска со извештајот за реализација на годишниот план за вработување и годишниот план за обуки.

Информација во врска со подготовката на функционалната анализа, со осврт на 70% обработени податоци од страна на ова одделение.

Информација во врска со доставата на процесни картици за ИСО стандардизација.

Информација во врска со тековните активности во кои е вклучено ова одделение во периодот помеѓу двата колегиуми.

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Информација во врска со подготовката на проектни апликации за користење на финансиски средства преку Агенцијата за финансиска поддршка на руралниот развој.

Информација во врска со проектната апликација за санација на патот кон Манастирот Свети Јоаким Осоговски, која ќе биде аплицирана преку СИПР.

Информација во врска со тековни активности и динамика на истите во рамки на имплементацијата на проектот за изградба на пешачка патека (Висока Зона – вада) пореку ИПА програмата за прекугранична соработка со Косово.

Информација во врска со обезбедување кадар за нивно ангажирање на вршење на општокорисна работа, согласно договорот во рамки на повикот за вршење на јавни работи.

Информација во врска со подготовките на претстојната манифестација Шаховска симултанка со Роландо Кутиров, која што ќе се одржи на ден 21.07.2018 година.

Информација во врска со тековни настани од програмата на Кривопаланечко културно лето 2018 година.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за инспекциски надзор**

Информација во врска со тековни активности на ниво на ова одделение, со посебен осврт на активностите и работните обврски и потреби на комуналните редари и тековните потреби на самото одделение, а кои се поврзани со непречено извршување на активностите на терен.

Задолжение за активности на терен и лоцирање на градби, кои што се градат без одобрение за градба, за што да бидат преземени соодветни законски мерки.

**ЈП Комуналец**

Информација во врска со тековните активности на ова јавно претпријатие, во рамките на секојдневните работни обврски и надлежности, со посебен осврт на потребата од легализација на објектите на градските гробишта и подготовка на елаборат за зонско паркирање (со задолжение за разгледување и разработка на идеја за поставување на столбчиња на тротоарите на потегот од пред Домот на културата и зградата на Општина Крива Паланка до м.в.Соларски Мост.

**ЛУ Градски Музеј**

Информација во врска со тековните активности околу програмата за Кривопаланечко културно лето 2018 година и потребната логистика при тековното организирање на настани во рамки на истото, како и осврт на тековните настани во рамки на наведената манифестација.

Информација во врска со исходот од објавениот јавен повик за откуп на авторски творби од локални автори.

Информација за тековните активности околу подготовката на листа на спомен обележја и евидентна листа со каталошки податоци за истите, со осврт на потребите од обезбеден превоз заради посета на селата при утврдување на спомен обележјата и нивно евидентирање.

Информација во врска со подготовката на елаборат за ревалоризација по насоки од Министерството за култура и барање за набавка на архивски каси за чување на одредени вредни експонати, без која елеборатот не може да биде одобрен како таков.

Информација во врска со подготовката на Историска поставка, со осврт на барањето за набавка на штендери и изнаоѓање на начин за реализација на истата.

**Изготвил:**
**Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување**
**16.07.2018 година, Крива Паланка**